ЗАПИСНИК

од четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 01.03.2019 година, со почеток во 17:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Горан Велинов, член
3. Дешира Имери, член
4. Стевица Јосифовски, член
5. Ервин Реџепагиќ, член
6. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата,
7. Бојана Стефановска- Советник за правни работи-во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од третиот состанок на Комисијата одржан на 22.02.2019 година и усвојување на предлог дневниот ред за четвртиот состанок за 2019 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од третиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Извештај за работата на Агенцијата за периодот од 01.10.2018 до 31.12.2018 година;

   Директорот на Агенцијата го презентираше извештајот за работата на Агенцијата за периодот од 01.10.2018 до 31.12.2018 година со посебен осврт кон секој секој сектор/служба поединечно. Особено се разви дискусија околу предметите кои ги води Агенцијата пред судовите во Македонија, анализите на пазарите кои се развиваат во овој период од страна на секторот, околу радиофрекфенциите па и надоместокот на операторите.

3. Барање согласност за јавна набавка на услуга за чистење на деловните простории на АЕК;

   За оваа набавка беше истакнато дека станува збор за редовна набавка која е неопходна за одржување на деловните простории на Агенцијата, дека станува збор за едногодишна набавка и дека е предвидена во планот на јавни набавки, по што членовите дадоа согласност за нејзино спроведување. Исто така беше побарано од стручните лица да направат анализа за тоа како би се рефлектирало на финансискиот план доколку се ангажираат надворешни лица/фирми или вработени во Агенцијата.

4. Барање согласност за јавна набавка на стока Клиентска информатичка опрема;

   Оваа точка беше презентирана од страна на Директорот кој објасни дека е набавка од минатата година која не е реализирана и се одложува со цел да се направат уште еднаш анализи на потребите на секторите имајќи во предвид дека агенцијата има вакава набавка после 5 години како да се усогласи со новите трендови.

5. Разно

   По оваа точка немаше дискусија.

Состанокот заврши на 01.03.2019 во 19:00 часот.

Гордана Клинчарова, претседател_______________

Горан Велинов, член ___________________________

Дешира Имери, член___________________________

Стевица Јосифовски, член_______________________

Ервин Реџепагиќ, член________________________